# Етно-џез концерт со македонски музичари во Софија

Софија, 10. април 2013 (ИНПРЕС)
*извор: Инпрес фото: архива*

Утре во организација на Културно-информативниот Центар на Република Македонија во Софија ќе се одржи етно-џез концерт.




Ќе настапат: Илчо Јованов - хармоника, Тони Китановски - гитара, Дине Донев - бас и Александар Секуловски - тапани.

Концертот ќе се одржи во Лилавиот салон на Чешкиот центар во Софија, кој е партнер на Културно-информативниот центар на Република Македонија, во организацијата на овој настан.

На оваа позната сцена во Софија, имаат настапувано бројни значајни европски имиња од полето на џез музиката.

Концертот ќе го отворат директорите на македонскиот Културно-информативен Центар во Софија, Васко Шутаров и директорката на Чешкиот центар, Катерина Хуртаева. (Крај)